РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ЗЕЛЕНИКОВО

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Општина Зелениково-Komuna e Zelenikovës
Управни и административни органи
Zyrë për punë administrative
Бр.-Nr. 09-0214
29.03. 2024 год.-viti
Зелениково/Zelenikovë

Врз основа на член 62 став 10 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. Весник на РМ" бр.32/20), Општина Зелениково го дава следното:

# СООПШТЕНИЕ

## за организирање на јавен увид на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 – Викенд куќи на КП 252/1 КО Пакошево, Општина Зелениково

Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 – Викенд куќи на КП 252/1 КО Пакошево, Општина Зелениково, се изработува од причина што на предметниот проектен опфат нема урбанистичка документација. Со изработката на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 – Викенд куќи на КП 252/1 КО Пакошево, Општина Зелениково се предвидува оформување на нова градежна парцела согласно стандардите и нормативите за урбанистичко планирање, со намена

**А - градби за домување и престој на луѓе**
**А4-3 – викенд куќи и други објекти за времено сместување**

Проектниот опфат е со површина од 2369,52м2 евидентиран на КП 252/1 КО Пакошево, кој се наоѓа во сопственост на нарачателот на изработка. Проектниот опфат се наоѓа во непосредна близина на постоен пристапен пат и преку истиот е поврзан со пошироката околина.

Јавниот увид ќе се спроведе со објавување на Урбанистичкиот проект на официјалната веб страна на Општина Зелениково www.zelenikovo.gov.mk и на системот е-урбанизам.

Јавната анкета ќе трае 15 дена од денот на објавувањето на соопштението и тоа започнувајќи од 29.03.2024 година заклучно со 15.04.2024 година.

Во определениот рок заинтересираните физички и правни лица, државната управа, научните и стручните организации можат да доставаат забелешки и предлози по предлогот на урбанистичкиот проект, во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма во просториите на Општина Зелениково.

**Градоначалник**
**Коста Маневски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Општина Зелениково ГРАДОНАЧАЛНИК
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT Komuna e Zelenikovës KRYETARI

ул.1, бр.2, Зелениково, тел.+389 2 717 238; факс. +389 2 717 238; E-mail: gradonacalnik@zelenikovo.gov.nmk
www.zelenikovo.gov.nmk